РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БОГДАНЦИ
Градоначалник на Општината
Бр. 10-2753/3
30.12.2014 год.
БОГДАНЦИ

Општина Богданци, Претставници на Синдикатите од национално и локално ниво , Претставници на Работодавачите од национално и локално ниво, Претставници на Граѓанските организации од национално и локално ниво, склучија:

**С П О Г О Д Б А**
за формирање на Локален Економско – Социјален совет
во Општина Богданци

## ОПШТИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Општина Богданци, Претставници на Синдикатите од национално и локално ниво, Претставници на Работодавачите од национално и локално ниво, Претставници на Граѓанските организации од национално и локално ниво, заради остварување на темелните вредности утврдени во Уставот на Република Македонија за правна, демократска и социјална држава ,за обезбедување на социјална правда, за похармоничен развој на општествените процеси, за унапредување на социјалниот дијалог, за обезбедување трипартизмот и примената на меѓународните стандарди,конвенции и препораки, формираат Локален Економско – Социјален совет во Општина Богданци.

**Член 2**

Со оваа Спогодба се уредуваат функциите,надлежностите, правата и обврските составот и начинот на работа на Советот.

## ФУНКЦИИ НА СОВЕТОТ

**Член 3**

Советот има советодавно – консултативна функција преку која се реализира низ социјалниот дијалог и значајниот дел од преговарачката функција на социјалните партнери за економско – социјалните прашања и економскиот развој кои се од интерес за Општина Богданци.

**Надлежности на Советот**

**Член 4**

Советот во рамките на своите надлежности разгледува прашања и дава мислења , предлози оценки и препораки за одредени прашања од областа на :

- воспоставување,поттикнување и развој на социјален дијалог помеѓу социјалните партнери и усогласување на нивните различни ставови и интереси на локално ниво
- воспоставување, поттикнување и развој на дијалогот на локално ниво помеѓу јавниот и приватниот сектор особено меѓу системот за образование и за поддршка при вработување од една страна и работодавачите од друга страна;
- стимулирање и поддржување на приватниот сектор за учество во дијалогот
- воспоставување и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните сујекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем;
- вклучување на младите во регионалниот дијалог преку нивно учество во Економско – социјалниот совет
- вклучување на граѓанскиот сектор со активно учество во работата на Советот

- размена на мислења и информации и постигнување на согласност околу важни економско-социјални прашања од делокругот на локалната самоуправа (разгледување на клучни развојни документи на општината кои имаат влијание врз економско социјалниот развој на општината, вклучително и особено прашањето за подобрувањето на вештините за вработување кај младите)
- покренување на зеднички иницијативи за измена на постоечки и донесување на одлуки од надлежност на локалната самоуправа
- предлага и дава мислење за приоритети за економски развој на Општина Богданци
- учество во креирање на законските решенија кои влијаат на материјална и социјалната положба на вработените, невработените, стечајните работници и работници технолошки вишок, пензионери, младите, жените и др
- материјална, економска и социјална положба на работниците и работодавачите во општината
- развивање на колективното договарање, преговарање и склучување на ниво на претпријатијата и установите
- следење и давање оценки на влијанието на локалните политики врз економската и социјалната стабилност, развојот и животниот стандард во единиците на локална самоуправа
- следење на состојбата со вработеноста и предлагање на мерки за поттикнување на вработувањето и усогласување на образовниот процес со потребите на пазарот на труд
- разгледување и предлагање мерки за унапредување на квалитетот на животот на граѓаните во единиците на локална самоуправа
- поттикнување на методи на мирно решавање на колективни/индивидуални работни спорови на локално ниво
- меѓусебно информирање за важните прашања од дејноста на социјалните партнери
- Издавање на часописи,брошури и други публикации од делокругот на Советот.

Советот ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците, работодавачите и граѓаните во општината и дава свои мислења и предлози, особено прашањата за:

- локалната економска политика и мерки за економскиот и социјалниот развој и стабилност ;
- политика на вработувањето, особено вработувањето на младите;
- политика на цените и платите;
- конкуренцијата и продуктивноста;
- животниот стандард и сиромаштијата;
- развивање и унапредување на колективното договарање;
- поттикнување мирното решавање на колективните работни спорови;
- подобрување на работните услови и заштита на работа
- заштита на работната и животната средина;
- образование и професионална обука;
- здравствена и социјална заштита и сигурност;
- детската заштита;
- заштита на возрасните лица и лица со посебни потреби;
- демографски движења;
- приватизација;
- други прашања во согласност со актите на Екон.социјален совет.

Член 5

Општина Богданци -(Градоначалникот и Советот на Општината) , разгледуваат мислења , предлози оценки и препораки за одредени прашања на Советот, и на соодветен начин ги информираат.

Советот може по своја иницијатива да дава мислења и предлози за одделни прашања од економско – социјалната сфера до Економско Социјалниот Совет на Република Македонија, до

Владата на Република Македонија,националниот Совет за претприемништво и конкурентност и до Економскиот Совет на Владата на Република Македонија .

## СОСТАВ НА СОВЕТОТ

Член 6

Советот го сочинуваат 19 членови и тоа:

- 3 члена Претставници од Општина Богданци
- 3 члена Претставници на Синдикатите од национално и локално ниво,
- 10 члена Претставници на Работодавачите од национално и локално ниво,
- 3 члена Претставници на Граѓанските организации од национално и локално ниво,

Мандатот на членовите на Советот трае 4 години.
Секој член на Советот има свој заменик.
Експертите рамноправно учествуваат во работата на Советот.

Член 7

Покрај членовите на Советот, на седниците на Советот ќе бидат редовно повикувани преставници на Советничките групи кои имаат освоено мандати во Советот на општина Богданци, и може да бидат поканувани и стручни и научни работници и претставници на други организации ,граѓански здруженија ( со свој претставник) и институции, во зависност од дневниот ред без право на глас.

Член 8

Советот има Претседател и двајца заменици на Претседателот.

Претседател на Советот се избира од редовите на членовите локаниот економски социјален совет,со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на советот.

На предлог на Претседателот се избираат двајца заменици од редот на членовите на Советот со мнозинство на гласови од вкупниот број на членови на советот.

Член 9

Претседателот на Советот:

- го претставува и застапува Советот пред надлежните органи и јавноста;
- ги свикува седниците на Советот, предлага дневен ред и раководи со работата на Советот;
- ја координира и усогласува работата на работните тела на Советот.

Во случај на спреченост или одсуство на Претседателот , седниците ги свикува и со нив раководи еден од замениците на Претседателот на Советот.

Член 10

- Претседателот на советот се избира со мандат од 2-години со право на повторен избор.

Член 11

Советот има секретар.

Советот на предлог на Претседателот именува секретар на Советот.

## НАЧИН НА РАБОТА НА СОВЕТОТ

Член 12

Советот работи на седници.

Седниците на Советот се јавни.

За да може Советот да одржува седници потребно е присуство на половина од членовите.

Ставови и одлуки на Советот се донесуваат со консензус на социјалните партнери и претставниците на општината.

Поблиски одредби за начинот на работа и одлучување на Советот поконкретно се утврдуваат со деловник за работа на Советот.

Член 13

Советот за одделни прашања може да формира постојани или повремени работни тела ,чија што надлежност се утврдува утврдува за деловникот за работа на Советот.

Член 14

Стручните и административно – техничките работи за потребите на Советот и работните тела се извршуваат од Општина Богданци.

## ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 15

Оваа спогодба влегува во сила од денот на нејзиното склучување.

**Потписници на спогодбата:**

**Претставници од Општина Богданци**

1. Анастасија Олумчева, Градоначалник, ____________
2. Митко Влахов, Општинска администрација ____________
3. Митко Попов, Општинска администрација ____________

**Претставници на Работодавачите од национално и локално ниво**

1. Миле Бошков, Извршен претседател, БКМ ____________
2. Наце Иванов , ДГП Алфа Проект ____________
3. Слободан Енџекчев, Ники ДООЕЛ ____________
4. Димитар Франгов, ДООЕЛ Франи Пласт ____________
5. Зоран Атанасов , Мил Зоран ДООЕЛ ____________
6. Емилија Лазарова, ПЗУ Ројал Медика ____________
7. Сава Шапкарова, Баџо ДООЕЛ ____________
8. Верица Станчева, Интер Глобус Лебопекара ММ ____________
9. Билјана Чучанова, Таурус Фармс ____________
10. Благоја Веселиновски , ЗТД Сточарство Богданци ____________

**Претставници на Синдикатите од национално и локално ниво**

1. Марјан Пеев, ССМ – Упоз, СО општина Богданци ____________
2. Марија Зафирова, КСС – Сонк,СО „Кирил и Методиј“ ____________
3. Наталија Сапламаева, КСС – Сонк,СО „Петар Мусев“ ____________

**Претставници на Граѓанските Организации од национално и локално ниво**

1. Никола Шалдаров, ЗГОР 25-мина ____________
2. Илија Тумбов, ЗГ Графичка работилница Софија ____________
3. Сашо Ивановски , ЗКУД Бранд Петрушев ____________